**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА (3.05.01.01) И ОРАЛНА ХИРУРГИЈА (3.05.01.09) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-220/10 донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област максилофацијална хирургија (3.05.01.01) и орална хирургија (3.05.01.09) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Комисијата работеше во состав:

- **проф. д-р Даниела Велеска Стевковска,** редовен професор за наставно-научната област орална хирургија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, претседател;
- **проф. д-р Оливер Димитровски,** редовен професор за наставно-научната област орална хирургија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, член;
- **проф. д-р Зоран Пешиќ**, редовен професор во пензија за наставно-научната област максилофацијална хирургија, Медицински факултет при Универзитет во Ниш, Србија, член;
- **проф. д-р Енис Реџеп**, редовен професор за наставно-научната област максилофацијална хирургија, Факултет за дентална медицина при Меѓународниот балкански универзитет (ИБУ) – Скопје, член;
- **проф. д-р Киро Папакоча,** редовен професор за наставно-научната област имплантологија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Вечер" и „Коха" на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави **доцент д-р Бруно Николовски.**

Кандидатот доц. д-р Бруно Николовски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет заедно со пријавата ги има доставено потребните документи за избор во наставно-научното звање.

По разгледување на пријавата и врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

**Доц. д-р Бруно Николовски, д-р спец.,** е роден во 1984 година во Скопје, каде што завршува основно училиште со одличен успех (5,0), а средното стручно образование го завршува со одличен успех (5,0) во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов", отсек за забен техничар, во 2002 година.

Се запишува на Стоматолошки факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2002/2003 година, а дипломира во 2008 година со просечен успех 9,08, со што се стекнува со диплома доктор на стоматологија.

Во 2009 година го полага државниот испит и се стекнува со лиценца за работа.

Специјализација од областа орална хирургија завршува на 27.2.2019 година на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Докторските студии од третиот циклус ги започнува во 2014 година на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во областа орална и максилофацијална хирургија. Истите ги завршува во 2020 година со просечен успех 10,0 и со одбраната на докторската дисертација под наслов **„Евалуација на методи за рана детекција на оралните премалигни и малигни лезии”**, на 2.4.2020 година, се стекнува со научниот степен доктор на стоматолошки науки од областа орална и максилофацијална хирургија. Истата година се вработува на Клиниката за орална хирургија, имплантологија и РТГ при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон” во Скопје како специјалист по орална хирургија.

Во јануари 2022 година е избран за насловен доцент за наставно-научната област максилофацијална хирургија (30409) и орална хирургија (30408) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2002-40/49 на 270. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 28.1.2022 година), а од 1.11.2023 година е вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Во февруари 2024 година е избран за доцент за наставно-научната област максилофацијална хирургија (3.05.01.01) и орална хирургија (3.05.01.09) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2002-58/12 на 317. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.2.2024 година).

Кандидатот покажува извонредна активност во научноистражувачката работа, која датира уште од периодот кога е студент, земајќи активно учество на студентските конгреси во земјава и во странство, која денес бележи публицистички опус со повеќе од 200 научни и стручни трудови.

Активно се служи со англиски, српски, хрватски и бугарски јазик, поседува основни познавања од шпанскиот јазик.

Поседува високи познавања од компјутерски програми и вештини.

**1. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

**Критериуми за избор:**

- Има завршено прв циклус интегрирани шестгодишни студии (360 кредити) со просечен успех 9,08;
- Кандидатот е специјалист од областа орална хирургија;
- Кандидатот е доктор на стоматолошки науки од областа орална и максилофацијална хирургија со завршен трет циклус на студии (180 кредити) со просечен успех 10,0;
- Кандидатот е претходно избран во звање – доцент (Одлука бр. 2002-58/12);
- Објавени најмалку пет (5) научни трудови со оригинални научни резултати во референтна научна публикација во последниве пет години - кандидатот приложува 11 научноистражувачки труд од последниот избор до денес.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / конференција | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Pejkovska Shahpaska Budima, Peeva-Petreska Marija, Nikolovska Julijana, Dastevski Blagoja, **Nikolovski Bruno**, Zlatanovska Katerina, Zarkova Atanasova Julija, Lazarova Meri, Xhelili Fatos | Implant supported dental prosthetic constructions with the usage of artificial intelligence – review article | Apolonia Journal of Dentistry, 2025;27(60-61):179-190. ISSN 1857-6087 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36891 | 1999 |
| 2. | Spirov Vancho, Veljanovski Darko, **Nikolovski Bruno,** Iliev Dimitar, Baftijari Denis, Spirova Maja, Lazov Kiril, Stojanova Irena | Perioperative management of cystic fibrosis in patients undergoing oral and maxillofacial surgery care | Journal of Morphological Sciences, 2025;8(1):35-40. ISSN 2545-4706 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36037 | 2018 |
| 3. | Petrovski Mihajlo, **Nikolovski Bruno**, Veljanovski Darko, Mladenovski Marko, Papakoca Kiro, Stavreva Natasa | Optimal oral health among institutionalized elderly in Republic of N. Macedonia | EC Dental Science, 2025;24(1):1-10. ISSN 2573-8771 (IF: 2.746) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35761 | 2015 |
| 4. | Petrovski Mihajlo, Stojanovic Simona, Petrovic Simona, Mladenovski Marko, **Nikolovski Bruno**, Stavreva Natasa, Veljanovski Darko, Apostolsk Pavle | Assessment of periodontal status among patients with fixed prosthetic reconstructions | Acta Stomatologica Naissi, 2024;40(9):2863-2872. ISSN 1820-1202 (IF: 0.003) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36013 | 2018 |
| 5. | Pejkovska Shahpaska Budima, Rusevska Biljana, Markovska Arsovska, Mirjana and **Nikolovski, Bruno,** Zlatanovska, Katerina, Zarkova Atanasova Julija, Kovacevska Ivona, Sylejmani Mimoza, Pejkovska Ana, Janceska Georgievska Tatjana | Comparison of two diagnostic imaging techniques for diagnosisng synovial chondromatosis of the temporomandibular joint | JMS 2024;7(2):98-102 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34957 | 2018 |
| 6. | Pejkovska Shahpaska, Budima, Ambarkova Vesna, Solev Gjorgji, **Nikolovski Bruno**, Sylejmani Mimoza, Rusevska Biljana, Mirceva Elena, Ivkovska Tamara | A case of a large irritation fibroma - etiology, diagnosis and treatment in a patient | EC Dental Science. 2024;23(9):1-7 (IF: 2.746) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34601 | 2015 |
| 7. | Trpevska Vesna, Dimova Cena, Mijoska Aneta, **Nikolovski Bruno**, Evrosimovska Biljana | TMJ dysfunction management using occlusal splint therapy | Proceedings of the International Scientific Conference in Dentistry 2024 Novi Sad. pp. 32-35 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35311 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Bajrami Muhamet, Stojanova Irena, Markovska Arsovska Mirjana, Spirov Vancho, **Nikolovski Bruno** | Radicular cyst of the mandible: case report | Apolonia Journal of Dentistry, 2024;2(54-55):72-78. ISSN 1857-6087 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34528 | 1999 |
| 9. | Pejkovska Shahpaska Budima, **Nikolovski Bruno**, Pejkovska Ana, Mijoska Aneta, Jusufi Gazmend, Jusufi Osman | Digitally designed stabilization splint of a patient with BRUXISM - A case report | Apolonia Journal of dentistry 2024;25(52-53):48-55 ISSN 1857-6087 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34043 | 1999 |
| 10. | Aleksova Pavlina, Sali Ferija, Aliu Adem, **Nikolovski Bruno**, Radojkova-Nikolovska Vera, Nastov Nebojsa | Changes in the dental pulp calcifications with a lamellar concentric structure and calcifications with an amorphous to finely granular structure | Journal of Morphological Sciences JMS, 2023;6(2):9-15. ISSN 2545-4706 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32532 | 2018 |
| 11. | Sukov Atanas, Pejkovska Shahpaska Budima, **Nikolovski Bruno**, Spirov Vancho, Jusufi Osman, Jusufi Gazmend | Contemporary prostheic functional – aesthetic rehabilitation of a patient with multidisciplinatory approach | Apolonia.2023;1(50-51): 66-73 ISSN 1857-6087 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32055 | 1999 |

- Поседува потврда за познавање странски јазик – англиски јазик.
- Поседува потврда за познавање компјутерски програми и вештини.
- Има способност за изведување високообразовна дејност – како насловен доцент, а потоа и како доцент е активно вклучен во изведување на теоретската настава на прв циклус студии на студиските програми Општа медицина, Дентална медицина и Студиската програма за забни техничари – протетичари, и втор циклус студии за специјализиран забен техничар - протетичар.
- Се јавува како ментор и член на комисии за одбрана на дипломски трудови и завршни испити.

**Посебни услови:**

- Кандидатот учествувал во научноистражувачки проекти, односно има значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати;
- Кандидатот има објавено научна монографија и една рецензирана скрипта објавена на е-библиотека на УГД.

Позитивно рецензиран извештај – рецензија на ракопис за скрипта со наслов **„Орална патологија за стручен забен техничар - протетичар"** со Одлука број 2002-135/17 од 20.4.2026 година, претходно објавен во Билтен со број 385 (стр.167) од 1.4.2026 година. https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=1270&ugd=1624fcd3de4159a671326e36cb8961c3#

1. **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Наставно-образовната дејност ја започнува во академската 2022/2023 година и оттогаш е активно вклучен во изведување на теоретската настава по следните предмети: *Орална хирургија 2* (задолжителен предмет во VIII семестар на студиската програма по Дентална медицина со фонд на

часови 2+3+1), *Максилофацијална хирургија 2* (задолжителен предмет во X семестар на студиска програма по Дентална медицина со фонд на часови 2+2+1), *Максилофацијална хирургија* (изборен предмет во IX семестар на студиска програма Општа медицина со фонд на часови 2+0+1), *Орална хирургија* (задолжителен предмет во V семестар на студиска програма Забни техничари со фонд на часови 2+2+1) и *Дигитални системи во протетикат*а (задолжителен предмет во V семестар на студиска програма Забни техничари со фонд на часови 2+2+1).

**1.1. Избор во наставно-научни звања**

Избор во звање насловен доцент за наставно-научната област орална хирургија (30408) и максилофацијална хирургија (30409) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" бр. 290 од 3.1.2022 година и вкупно 235,667 поени https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/290/pdf/290-4.pdf и Одлука бр. 2002-40/49 од 28.1.2022 година на ННС при ФМН.

Избор во звање доцент за наставно-научната област максилофацијална хирургија (30409) и орална хирургија (30408) и на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Билтен на Универзитетот "Гоце Делчев" бр. 337 од 1.2.2024 година и вкупно 437,228 поени https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-25/2024/337/pdf/337-11.pdf и Одлука бр.2002-58/12 од 20.2.2024 година на ННС при ФМН.

Од последниот избор до денес, доц. д-р Бруно Николовски бил член во состав на 5 комисии за полагање специјалистички испит од областа орална хирургија. Бил член на 3 рецензиони комисии за избор на наставник во сите звања, 1 избор во насловно звање – насловен доцент и 1 избор во соработничко звање – асистент од областите орална хирургија и максилофацијална хирургија.

1. **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Доц. д-р Бруно Николовски е автор на вкупно 208 трудови (од кои 39 in extenso) објавени во научно-стручни стоматолошки и медицински списанија и презентирани на конгреси, симпозиуми и стручни состаноци во земјава и во странство.

Во периодот додека е студент, автор и коавтор е на седум студентски теми, а во претходните избори во звање насловен доцент и доцент се јавува како автор и коавтор во 135 научни трудови. Автор е на научна монографија и позитивно рецензирана скрипта.

1. Монографија **„Пародонтални хируршки решенија кај мукогингивалните отстапувања»**, 2021 год. (ISBN 978-608-66649-0-9, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30660
2. Учебно помагало скрипта **„Орална патологија"** (за стручен забен техничар-протетичар) од Михајло Петровски, Дарко Вељановски, Марко Младеновски и Бруно Николовски (ISBN: 978-608-277-156-4), број на страници: 78, издадена: 2026, јазик: македонски. http://e-lib.ugd.edu.mk/1270

Резултат на научноистражувачката работа на д-р Бруно Николовски се голем број на објавени научни трудови во меѓународни и домашни списанија, негови усни излагања и постер презентации на конгреси и

конференции во земјава и во странство. Сите негови објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториум на УГД Штип и може да се видат на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Nikolovski=3ABruno=3A=3A.html

За овој избор ги приложува следниве 73 трудови:

**Листа на трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор – од реден број 3 до 13:**

3. Pejkovska Shahpaska Budima, Peeva-Petreska Marija, Nikolovska Julijana, Dastevski Blagoja, **Nikolovski Bruno, Zlatanovska Katerina, Zarkova Atanasova Julija, Lazarova Meri, Xhelili Fatos** (2025) *Implant supported dental prosthetic constructions with the usage of artificial intelligence – review article.* Apolonia Journal of Dentistry, 2025;27(60-61):179-190. ISSN 1857-6087. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36891

**Евалуација на трудот:** Овој преглед од литературата ги обработува можноста и предизвиците кои ги нуди вештачката интелигенција при планирање на имплантолошките хируршки процедури и конструирање на протетските надоместоци над денталните импланти.

*Трудот има научна и стручна вредност.*

4. Spirov Vancho, Veljanovski Darko, **Nikolovski Bruno,** Iliev Dimitar, Baftijari Denis, Spirova Maja, Lazov Kiril, Stojanova Irena (2025) *Perioperative management of cystic fibrosis in patients undergoing oral and maxillofacial surgery care.* Journal of Morphological Sciences, 2025;8(1):35-40. ISSN 2545-4706. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36037

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дискутираат дијагнозата, патофизиологијата и системските компликации кај пациенти со цистична фиброза и обезбедуваат релевантни информации во врска со менаџментот на овие пациенти при изведување на хируршките процедури во оралната и максилофацијалната хирургија.

*Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.*

5. Petrovski Mihajlo, **Nikolovski Bruno**, Veljanovski Darko, Mladenovski Marko, Papakoca Kiro, Stavreva Natasa (2025) *Optimal Oral Health among Institutionalized Elderly in Republic of N. Macedonia.* EC Dental Science, 2025;24(1):1-10. ISSN 2573-8771 (IF: 2.746). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35761

**Евалуација на трудот:** Овој труд го потенцира значењето на преостанатите присутни заби во устата и дефиницијата за оптимално орално здравје преку присутни 20 заби, нивниот распоред и функционална вредност. Испитувањето е изведено врз 118 испитаници кои се институционализирани лица над 65 годишна возраст во Р. Македонија, кај кои се изведени орално-хируршки екстракции, сумирани преку ДМФТ индексот.

*Трудот има научна и стручна вредност.*

6. Petrovski Mihajlo, Stojanovic Simona, Petrovic Simona, Mladenovski Marko, **Nikolovski Bruno**, Stavreva Natasa, Veljanovski Darko, Apostoloski Pavle (2024). *Assessment of periodontal status among patients with fixed prosthetic reconstructions.* Acta Stomatologica Naissi, 2024;40(9):2863-2872. ISSN 1820-1202 (IF: 0.003). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36013

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се презентирани пародонталните и орални индекси и предиспонирачки фактори присутни кај пациенти со фиксно-протетски конструкции. Мерени се длабочината на пародонталните џебови, загуба на клинички припој, гингивална рецесија и коскена ресорпција и нивна асоцираност со орално-хигиенските навики кај пациентите.

*Трудот има научна и стручна вредност.*

7. Pejkovska Shahpaska Budima, Rusevska Biljana, Markovska Arsovska Mirjana, **Nikolovski Bruno**, Zlatanovska Katerina, Zarkova Atanasova Julija, Kovacevska Ivona, Sylejmani Mimoza, Pejkovska Ana, Janceska Georgievska Tatjana (2024) *Comparison of two diagnostic imaging techniques for diagnosing synovial chondromatosis of the temporomandibular joint.* Journal of Morphological Sciences. JMS 2024;7(2):98-102. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34957

**Евалуација на трудот:** Овој труд претставува пример за значењето на опсежната анализа на сите клинички и параклинички параметри при поставувањето на дијагноза. Темелната анализа на параклиничките иследувања и систематската диференцијална дијагноза довеле до успешно дијагностицирање на синовијална хондроматоза во виличниот зглоб кај 42-годишен пациент, со исклучително ретка рентгенолошка презентација и целосно отсутна симптоматологија.

*Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.*

8. Pejkovska Shahpaska Budima, Ambarkova Vesna, Solev Gjorgji, **Nikolovski Bruno, Sulejmani Mimoza, Rusevska Biljana,** Mirceva Elena, Ivkovska, Tamara (2024) *A Case of a Large Irritation Fibroma - Etiology, Diagnosis and Treatment in a Patient.*EC Dental Science. 2024;23(9):1-7 (IF: 2.746). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34601

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите презентираат случај на голема фиброматозна промена во форниксот од максиларниот алвеоларен гребен како резултат на континуирана траума. Случајот е 67 годишен пациент со бројни коморбитети, каде е успешно изведена орално-хируршка интервенција, а по патохистолошката анализа потврдена е бенигната природа на ткивната промена.

*Трудот има научна, стручна и апликативна вредност.*

9. Trpevska Vesna, Dimova Cena, Mijoska Aneta, **Nikolovski Bruno**, Evrosimovska Biljana (2024). TMJ *dysfunction management using occlusal splint therapy.* Proceedings of the International Scientific Conference in Dentistry 2024 Novi Sad. pp. 32-35. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35311

**Евалуација на трудот:** Нарушувањата во функцијата на виличниот зглоб се одразува и врз физиолошкиот развој и функција на зглобните лигаменти и околни мускули. Терапијата е интердисциплинарна и вклучува конзервативен, ортодонтски и хируршки третман, а пример е и обработениот случај кај пациент каде што се извршува проценка на употребата на оклузален сплинт со репозиционирање на мандибулата во центрична оклузија кое резултира со релаксација на хиперактивноста на m. pterigoideus lateralis и ретропозиционирање на артикуларниот диск.

*Трудот има научна, стручна и апликативна вредност.*

10. Bajrami Muhamet, Stojanova Irena, Markovska Arsovska Mirjana, Spirov Vancho, **Nikolovski Bruno** (2024) *Radicular cyst of the mandible: case report.* Apolonia Journal of Dentistry, 2024;2(54-55):72-78. ISSN 1857-6087. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34528

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е презентиран случај на радикуларна циста во долната вилица кај 21-годишен пациент, кој презентира болка во мандибуларниот фронт. РТГ верифицирана е јасно ограничена радиолуценција, а изборот на третман е енуклеација на цистата и успешно излекување по спроведеното постоперативно следење.

*Трудот има научно-стручно и апликативно значење.*

11. Pejkovska Shahpaska Budima, **Nikolovski Bruno,** Pejkovska Ana, Mijoska Aneta, Jusufi Gazmend, Jusufi Osman (2024) *Digitally Designed Stabilization Splint of a Patient With BRUXISM - A Case Report.* Apolonia Journal of dentistry 2024;25(52-53):48-55 ISSN 1857-6087. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34043

**Евалуација на трудот:** Бруксизам како парафункционална навика, исто како и бројни темпоро-мандибуларни дисфункции, можат да бидат причина за третман, но истовремено и последица на претходна несоодветна терапија. Во овој труд е прикажан пример кога бруксизмот настанал кај пациент по завршено ортодонтско лекување, придружен со болки во вратот, темпоралните регии, главоболка, лимитарно отворање на устата и континуирана потреба од аналгетици. Новиот пристап во лекување на оваа непосакувана последица се состои во темелна анализа, дигитално планирање и изработка на стабилизациони сплинтови како времена тераписка постапка се до исполнување на условите за изработка на трајно решение.

*Трудот има научно и стручно значење.*

12. Aleksova Pavlina, Sali Ferija, Aliu Adem, **Nikolovski Bruno, Radojkova-Nikolovska Vera,** Nastov Nebojsa (2023) *Changes in the dental pulp calcifications with a lamellar concentric structure and calcifications with an amorphous to finely granular structure.* Journal of Morphological Sciences JMS, 2023;6(2):9-15. ISSN 2545-4706. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32532

**Евалуација на трудот:** Авторите во овој труд ги испитуваат промените во денталната пулпа со калцификации со различна структура. Испитувањето е изведено кај 40 пулпи од екстрахирани заби без пулпална патологија и 60 пулпи со дијагноза хроничен пулпитис. По пат на светлосна микроскопија и хистохемиско боење, дојдено е до заклучок дека пулпите кои содржат нодуларни калцификации демонстрираат одреден степен на конгестија на крвните садови, за разлика од дисперзираните и неправилно обликуваните калцификации.

*Трудот има научно, стручно и апликативно значење.*

13. Sukov Atanas, Pejkovska Shahpaska Budima, **Nikolovski Bruno,** Spirov Vancho, Jusufi Osman, Jusufi Gazmend (2023) *Contemporary prostheic functional – aesthetic rehabilitation of a patient with multidisciplinatory approach.*Apolonia. 2023;1(50-51):66-73 ISSN 1857-6087. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32055

**Евалуација на трудот:** Овој труд ја презентира мултидисциплинарноста во пристапот и третманот на случаи со функционална и естетска компромитација. Кај 28-годишен пациент со утврдена ортодонтска аномалија, по подредување на забите и воспоставување на правилен меѓувиличен соодност, изведена е орално-хируршка интервенција за клиничко продолжување на коронките кај забите носачи на идната протетска конструкција.

*Трудот има научно, стручно и апликативно значење.*

**Листа на научни и стручни трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор – трудови од областа - од реден број 14-48:**

14. **Nikolovski Bruno**, Evrosimovska Biljana, Atanasova Sandra, Longurova Natasa, Zarkova-Atanasova Julija, Radojkova-Nikolovska Vera, Kovacevska Ivona, Pejkovska Shahpaska Budima, Petkov Marjan, Zlatanovska Katerina (2026) *Laser assisted lip repositioning for rebalancing of asymmetrical gummy smile.* In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA. (IF: 5.9) (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38541

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите прикажуваат случај каде асиметричната и прекумерно видлива гингивална насмевка може успешно да се коригира со репозиционирање на горната усна, каде што хируршките инцизии се изведуваат со помош на ласерската технологија.

*Трудот има научно, стручно и апликативно значење.*

15. Radojkova-Nikolovska Vera, **Nikolovski Bruno**, Atanasova Sandra, Zarkova Atanasova Julija, Zlatanovska Katerina, Longurova Natasa, Petrovski Mihajlo, Arsovski Ljupka, Spirov Vancho (2026) *Methods and techniques for diagnosis in oral oncology.* In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA. (IF: 5.9) (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38543

**Евалуација на трудот:** Оралниот сквамозен карцином е поле на континуирано истражување, поради своите особености и различната клиничка презентација. Овој труд ги разгледува постоечките и најновите технологии кои овозможуваат визуализација на раните промени на оралната слузница како што се хемилуминисценција, автофлуоресценција, рефлективна конфокална микроскопија, ласерска ендомикроскопија и микродисекција, оптичка томографија и др.

*Трудот има научно и стручно значење.*

16. Petrovski Mihajlo, Petrovic Milica, **Nikolovski Bruno, Veljanovski Darko, Papakoca Kiro, Arsovski Ljupka** (2026) *Dentist's perspectives regarding periodontal preparation prior dental implantation.* In: International Dental Congress - Dental Naissa'26, 6-8 Feb 2026, Niš, Serbia. Abstract Book "Dental Naissa Congress" 182-183 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38144

**Евалуација на трудот:** Оралниот сквамозен карцином е поле на континуирано истражување, поради своите особености и различната клиничка презентација. Овој труд ги разгледува постоечките и најновите технологии кои овозможуваат визуализација на раните промени на оралната слузница како што се хемилуминисценција, автофлуоресценција, рефлективна конфокална микроскопија, ласерска ендомикроскопија и микродисекција, оптичка томографија и др.

*Трудот има научно и стручно значење.*

17. Arsovski Ljupka, Papakoca Kiro, Rogoleva Gjurovski Sonja, Toneva Stojmenova Verica, Veleska-Stefkovska Daniela, Carceva-Salja Sofija, **Nikolovski Bruno** (2025) *Difference between classes of implants and their surface contamination.* In: FDI World Dental Congress 2025 (FDIWDC25), 09-12 Sept 2025, Shanghai, China. IDJ 2025;75(1):37 ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster). https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105673, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36744

**Евалуација на трудот:** Целта на ова истражување е да се направи разлика помеѓу површината на денталните импланти од висока и ниска класа (две испитувани групи од 20 импланти), со употреба на скен електронска микроскопија и енергетска дисперзивна спектроскопија, кои обезбедуваат квалитативни и квантитативни податоци за хемискиот состав на примероците, т.е. потврда за присуство и количина на одделни хемиски елементи на нивната површина за време на чистењето на имплантите пред да се пуштат во употреба.

*Трудот има научно и стручно значење.*

18. Petkov Marjan, Zarkova Atanasova Julija, Trpevska Vesna, Veleska-Stefkovska Daniela, Stojanovic Mihael, Eftimoska Marina, Radojkova-Nikolovska Vera, **Nikolovski Bruno, Jurukovska Sotarovska Vesna, Mijoska Aneta** (2025) *Contemporary digital treatment of resorbed avulsed maxillary incisors: multidisciplinary approach.* International Dental Journal, 2025;57(1):264-265. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Oral presentation). https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105229, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36731

**Евалуација на трудот:** Во овој труд презентиран е случај на авулзија на траен максиларен инцизив кај 17-годишен пациент, чиј заб бил имедијатно реплантиран. По осум години следење, поради евидентирана коренска ресорпција, наложена била потреба од екстракција, а истата била придружена со аугментациска процедура со употреба на коскен графт и ресорптивна мембрана. Во втора фаза изведено е вградување на дентален имплант, а врз него, на крајот естетска протетска реставрација, планирана и добиена со дигитално скенирање и 3Д отпечатување. Тука се истакнува мултидисциплинарниот пристап во третманот на денталните трауматски повреди.

*3 Трудот има научно и стручно значење.*

20. Stevkovska-Cvetkovska Elizabeta, Atanasova Sandra, Domlevska Aleksandra, Kovacevska Ivona, **Nikolovski Bruno, Evrosimovska Biljana, Zlatanovska Katerina, Terzievska Aneta, VeleskaStevkovska Daniela, Longurova Natasa** (2025) *Platelet-Rich Fibrin's effect on wound healing after apicotomy.* International Dental Journal, 2025;57(1):135-136. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster). https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105941, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36732

**Евалуација на трудот:** Оваа студија има за цел да ја демонстрира супериорноста на PRF во процесот на заздравување по хируршки интервенции (апикотомија) како третман на хронични периапикални воспалителни процеси кај двајца пациенти на возраст од 16 и 48-годишна возраст.

*Трудот има научно и стручно значење.*

**21. Nikolovski Bruno, Veljanovski Darko, Rogoleva Gjurovski Sonja, Terzievska Aneta, Radeska Elena, Gigovska Arsova Ana, Domlevska Aleksandra, Evrosimovska Biljana, Radojkova-Nikolovska Vera, Susak Zoran** (2025) *Pre-prosthetic laser surgery versus single tooth implant in hypodontic case.* International Dental Journal, 2025;57(1):133-134. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster). https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105934, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36729

**Евалуација на трудот:** Овој труд презентира случај со хиподонција на максиларен латерален инцизив кај возрасен пациент и изборот на реставративна опција помеѓу имплантација наспроти ласерски реконтурирани меки ткива и изработка на мостовска конструкција.

*Трудот има стручно и апликативно значење.*

22. Veljanovski Darko, Petrovski Mihajlo, Susak Zoran, Spirov Vancho, **Nikolovski Bruno, Papakoca Kiro, Baftijari Denis**. *The effect of soft tissue augmentation on clinical outcomes in implants placed in healed mandibular sites with thin (< 1.5 mm) buccal bone.* Journal of Clinical Periodontology, 2025;52(28):349-350. ISSN 0303 – 6979 (IF: 5.8) (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35982

**Евалуација на трудот:** Целта на оваа проспективна студија е да се проценат клиничките резултати кај дентални импланти одложено поставени во заздравени места (екстракциони рани) во долната вилица со букална коска потенка од 1,5 mm по поставувањето на имплантот и истовремено аугментирани само со графт од меко ткиво.

*Трудот има стручно и научно значење.*

**23. Nikolovski Bruno, Petrovski Mihajlo, Radojkova-Nikolovska Vera, Gigovska Arsova Ana, Evrosimovska Biljana, Veljanovski Darko, Belazelkovska Grezlovska Ana, Spirov Vancho, Radeska Elena, Terzievska Aneta, Pejkovska Shahpaska Budima**. *Gum recontouring in case of maxillary lateral incisor hypodontia.* Journal of Clinical Periodontology, 2025;52(28):467-468. ISSN 0303 – 6979 (IF: 5.8) (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35981

**Евалуација на трудот:** Целта на оваа проспективна студија е да се проценат клиничките резултати кај дентални импланти одложено поставени во заздравени места (екстракциони рани) во долната вилица со букална коска потенка од 1,5 mm по поставувањето на имплантот и истовремено аугментирани само со графт од меко ткиво.

*Трудот има стручно и научно значење.*

24. Terzievska Aneta, Veleska-Stefkovska Daniela, **Nikolovski Bruno**, Spirov Vancho, Radeska Elena, Nedzip Seven, Domlevska Aleksandra. *Ефективноста на втората генерација тромбоцито збогатен фибрин (PRF) во третманот на локализираните поединечни гингивални рецесии Miller I и II во однос на субепителијален сврзноткивен графт (SCTG) преку компаративна анализа на постоперативните клинички периодонтални параметри.*10. Конгрес на Македонско стоматолошко друштво, 18-21 Sept 2025, Ohrid, Macedonia. Книга со апстракти „Иднината на совршеност во стоматологијата" 196-197 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38353

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се врши евалуација и компарација на клиничката ефикасност на CAF+PRF комбинираната техника во однос на SCTG-CAF техниката, во третманот на локализираните поединечни гингивални рецесии Miller I и II, преку компарацијата на вредностите на периодонталните клинички параметри мерени предоперативно и 1 месец постоперативно.

*Трудот има стручно и научно значење.*

**25. Nikolovski Bruno, Gigovska Arsova Ana,** Evrosimovska Biljana, Spirov Vancho, Petrovski Mihajlo, Pejkovska Shahpaska Budima, Terzievska Aneta, Radeska Elena (2025) *Clinical protocols for treatment of oroantral defects.* In: 10th Congress of the Macedonian Dental Society, 18-21 Sept 2025, Ohrid, North Macedonia. Abstract Book "The future of excellence in dentistry" 134-135 (Oral presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38095

**Евалуација на трудот:** Постоење и примена на клинички протокол кој ќе има за цел да обезбеди стандардизиран пристап за дијагноза, класификација и управување со ОАК, респектирајќи ги достапните литературни податоци,

претставува императив за предвидливост на хируршките техники, мерливост на успехот и долготрајност на третманот.

*Трудот има стручно и научно значење.*

26. Gigovska Arsova Ana, Evrosimovska Biljana, **Nikolovski Bruno, Bajrami Faton** (2025) *Пиезоелектрична остеотомија и регенерација со PRF при ендодонтска хирургија на мултипнихронични периапикални лезии – приказ на случај.* In: 10th Congress of the Macedonian Dental Society, 18-21 Sept 2025, Ohrid, North Macedonia. Книга со апстракти "Иднината на совршеност во стоматологијата" 190-191 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38094

**Евалуација на трудот:** Авторите презентираат успешен третман на хроничен периапикален пародонтит кај ендодонтски третирани заби со помош на апикална хирургија изведена со пиезохируршка техника и употреба на тромбоцитно збогатен фибрин (PRF).

*Трудот има стручно и научно значење.*

27. **Nikolovski Bruno**, Zlatanovska Katerina, Zarkova Julija, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa (2025) *Simplifying the surgical management of hypodontia.* In: 29th BaSS Congress 2025, 24-26 Apr 2025, Belgrade, Serbia. Abstract Book 381-382 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35928

**Евалуација на трудот:** Вградување на дентален имплант претставува остварливо и ефикасно решение за менаџирање на состојба со хиподонција, особено во случаи на отсутни максиларни латерални инцизиви. Со соодветен предимплантолошки преглед, анализа и планирање, денталните импланти можат значително да го подобрат квалитетот на живот кај лицата со хиподонција.

*Трудот има стручно, научно и апликативно значење.*

28. Markovski Spasovska Slagjana, Papakoca Kiro, Stojanova Irena, Markoska Mirjana, Spirov Vancho, **Nikolovski Bruno** (2024) *Epulis fibrosis in mandible - a case report.* In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia. Abstract Book 115-116 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35776

**Евалуација на трудот:** Кај 65-годишна пациентка нотирано е присуство на туморска формација во регијата на вториот лев премолар во долната вилица. Изборот на третман бил екстракција на забот во проекција на ткивната промена и нејзина елиминација. Земениот биоптичен примерок по задолжителната патохистолошката анализа покажал карактеристики на фиброзен епулис.

*Трудот има научна и стручна важност.*

29. Veljanovski Darko, **Nikolovski Bruno**, Petrovski Mihajlo, Stefanovikj Bojana, Abdul Melisa (2024) *Употреба на биоразградлива мембрана за регенерација на коскен дефект пред имплантирање - приказ на случај.* 3 Конгрес на Здружението на специјалисти по орална хирургија имплантологија, 3-5.10.2024, Скопје. Книга на апстракти 32-33 (усна презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34941

**Евалуација на трудот:** Регенеративните постапки кај инсуфициентните алвеоларни гребени изведени пред поставување на денталните импланти овозможува негово правилно позиционирање и подобра протетска конструкција. Новата биоразградлива магнезиумска мембрана има специфични својства што го менува пристапот кон водена коскена регенерација како клинички концепт.

*Трудот има научна и стручна важност.*

30. Gigovska Arsova Ana, **Nikolovski Bruno**, Evrosimovska Biljana, Josifov Daniel, Ristevska Nada, Zivkovic Nadezda (2024) *Guided bone regeneration using xenograft and magnesium membrane for large bone and soft tissue defects in the anterior maxilla: a case report.* In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia. Abstract Book 93-94 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35773

**Евалуација на трудот:** Функционалното рехабилитирање во фронтална максила е неизбежно условено и со естетско коригирање на дефицитот на меките и тврдите коскени ткива. Кај 38-годишен пациент со напредната пародонтопатија која ги зафаќа горните десни инцизиви, стадиум III, степен Б, по екстракцијата, изведена е насочена ткивна регенерација со употреба на ксенографт и магнезиумска мембрана.

*Трудот има научна и стручна важност.*

31. Evrosimovska Biljana, **Nikolovski Bruno**, Terzievska Aneta, Gigovska Arsova Ana, Peeva-Petreska Marija (2024) *Surgical treatment of oroantral communication with PRF.* In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia. Abstract Book 89-90 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35772

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се истакнува позитивниот ефект на ПРФ чеп и ПРФ мембраната како метод на избор при затворање на ороантралните комуникации настанати по екстракција на максиларни молари. Потврда за успешност на третманот претставува клиничкиот наод следен на 1-ви, 7-ми и 14-тиот ден постоперативно, како и РТГ верификацијата 2 месеци потоа кога е присутно формирање на ново коскено дно и репарација на Шнајдеровата мембрана на максиларниот синус.

*Трудот има научна, стручна и апликативна важност.*

32. Evrosimovska Biljana, Gigovska Arsova Ana, Jurukovska Sotarovska Vesna, **Nikolovski Bruno**, Jovanovski Saso (2024) *The relation between maxillary sinus floor and posterior maxillary teeth.* In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia. Abstract Book 48-49 (Oral presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35771

**Евалуација на трудот:** Во ова истражување авторите ја детерминираат близината на корените на максиларните бочни заби со дното на максиларниот синус, како и да се утврди корелацијата на радиолошките наоди и софтверските мерења со планираниот орално-хируршки третман. Добиените податоци од 40 испитувани пациенти, статистички обработени, презентираат поголема предиспозиција за појава на ОАК кај машкиот пол, кај дури 40%.

*Трудот има научна, стручна и апликативна важност.*

33. Veljanovski Darko, Petrovski Mihajlo, **Nikolovski Bruno**, Stefanovikj Bojana, Abdul Melisa (2024) *The use of biodegradable magnesium membrane for regeneration of bony deffect before implant placement.* 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia. Abstract Book 32-33 (Oral presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35734

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се истражуваат одржливоста и оправданоста на употребата од мини дентални импланти како поддршка за парцијална мобилна протеза. Кај 84 пациенти со беззабост од класа 1 и 2 по Кенеди, и атрофија на алвеоларните гребени до димензија не поголема од 4,5

мм, поставени се мини импланти подоцна оптоварени со мобилна протеза. Постимплантолошкото следење документира стапка на успех од 95,3% и назначена маргинална коскена ресорпција пропорционална со возраста на пациентите.

*Трудот има научна, стручна и апликативна важност.*

34. Stojanova Irena, Markovska Arsovska Mirjana, Bajrami Muhamet, Spirov Vancho, **Nikolovski Bruno** (2024) *Association between the presence of odontogenic inflammatory cysts and systemic immune response before and after their surgical therapy.* In: 3rd Congress on Oral and Implant Surgery with International participation, 3-5 Oct 2024, Skopje, Macedonia. Abstract Book 101-102 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35455

**Евалуација на трудот:** Во оваа студија обработувана е асоцираноста на присуство на одонтогени инфламаторни вилични цисти со системскиот имун одговор кај испитаниците. Истражувањето е изведено кај 63 пациенти со присутни одонтогени инфламаторни цисти систематизирани во 3 групи: радикуларни, резидуални и пародонтални цисти, кај кои е евалуирано нивото на имуноглобулините ИгА, ИгМ и ИгГ пред и еден месец по интервенциите.

*Трудот има научна, стручна и апликативна важност.*

35. **Nikolovski Bruno**, Zlatanovska Katerina, Zarkova-Atanasova Julija, Longurova Natasa, Petrovski Mihajlo, Susak Zoran, Spirov Vancho, Pejkovska Shahpaska Budima, Trpevska Vesna, Naskova Sanja, Papakoca Kiro, Purde Selis (2024) *Soft-tissue contour changes after the socket shield technique.* In: FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye. IDJ 2024;74(1):52 (IF: 3.2) (Oral presentation) , https://doi.org/10.1016/j.identj.2024.07.728, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34872

**Евалуација на трудот:** Во оваа студија е извршена анализа на дебелината на букалната коскена ламина и букалниот аспект на гингивата по екстракција на максиларни централни инцизиви, по пат на компарација на дигитално земените отпечатоци конвертирани во формат на stl. датотеки.

*Трудот има научна, стручна и апликативна важност.*

36. **Nikolovski Bruno,** Radojkova-Nikolovska Vera, Evrosimovska Biljana, Spirov Vancho, Petrovski Mihajlo, Rogoleva Gjurovski Sonja, Susak Zoran, Zlatanovska Katerina, Trpevska Vesna, Mijoska Aneta, Zarkova Julija, Longurova Natasa (2024) *Diagnostic dilemma in a non-healing ulcer of the tongue.* In: FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye. IDJ 2024;74(1):243-244 (IF: 3.2) (Poster). https://doi.org/10.1016/j.identj.2024.07.123, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34870

**Евалуација на трудот:** Авторите ги истакнуваат дилемите при дијагностика на хроничните солитарни улцери во усната празнина, земајќи ја предвид нивната етиологија, еволуција и клиничка презентација. По едномесечно присуство на неизлекувачка улцеративна лезија на јазик, изведена е инцизиона биопсија, ткивно боење и имунохистохемиска анализа на примерокот за прецизна дијагноза и типизација.

*Трудот има научна и стручна важност.*

37. Evrosimovska Biljana, Jurukovska Sotarovska Vesna, Petkov Marjan, **Nikolovski Bruno** (2024) *Management and protocols for oral surgical interventions in older patients.* In: 34th Annual Congress of European College of Gerodontology (ECG), 6-7 June, 2024, School of Dental Medicine, University of Belgrade.Abstract Book 59-60 (Oral presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34856

**Евалуација на трудот:** Оваа студија го опишува орално-хируршкиот третман планиран кај постари лица, вклучувајќи ја предоперативната проценка и потребните мерки за оние со специфични состојби и болести. Објаснет е преглед на процедуралните аспекти и дијагнози, како што се остеорадионекроза и остеонекроза асоцирана со медикаменти, како и мерките што можат да се земат предвид за намалување на веројатноста за неповолен исход.

*Трудот има научна и стручна важност.*

38. **Nikolovski Bruno,** Radeska Elena, Gigovska Arsova Ana, Pejkovska Shahpaska Budima, Evrosimovska Biljana, Radojkova-Nikolovska Vera (2024) *Современи трендови во производството на оптуратори за затворање на орназална фистула по третман на расцеп на непце.* In: II MacedonianPedodontic Congress, 30 May - 01 June 2024, Skopje. Книга на апстракти 76-77 (постер).. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34256

**Евалуација на трудот:** Во овој преглед од литературата се обработени новите современите трендови во унапредување на производството на обтуратори, со посебен акцент на дигиталното дизајнирање и 3D печатење.

*Трудот има научна и стручна важност.*

39. Evrosimovska Biljana, Terzievska Aneta, **Nikolovski Bruno,** Gigovska Arsova Ana, Trpevska Vesna (2024) *Management of Miller's II Class gingival recession with PRF membrane and subepithelial connective tissue graft combination.pdf.* In: 28th BaSS Congress, 25-27 Apr 2024, Budva, Montenegro. Abstract Book 139-140 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34206

**Евалуација на трудот:** Целта на овој извештај е да се претстави случај на гингивална рецесија од класа II по Милер третиран со субепителен графт од сврзно ткиво (SCTG) и PRF мембрана, каде што се потврдува потенцијалот на PRF за зголемување на дебелината на гингивата и нивото на клинички припој, подобрување на заздравувањето на меките ткива и нивниот клиничкиот изглед.

*Трудот има научна и стручна важност.*

40. Spirov Vancho, **Nikolovski Bruno,** Trpevska Vesna, Mijoska Aneta, Jurukovska Sotarovska Vesna (2024) *Novel techniques of implant uncovering.* In: 28th BaSS Congress, 25-27Apr 2024, Budva, Montenegro. Abstract Book 53 (Oral presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34241

**Евалуација на трудот:** Двофазниот пристап во имплантирањето, авторите го фаворизираат како супериорен не само во реставративните процедури над имплантите, туку и во презервација, реконструкција и менаџмент на периимплантните меки ткива како услов за долгорочен имплантен успех.

*Трудот има научна и стручна важност.*

41. Zlatanovska Katerina, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa, Apostoloski Pavle, **Nikolovski Bruno** (2024) *Assessment of Stem Cell Utilization in Routine Dental Practice.* In: 28th Congress of the Balkan Stomatological Society; "Sea, Science and Skills", 25-27 April 2024, Budva, Montenegro. Abstract Book 159 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34066

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се истражува свесноста и знаењето за матичните клетки и нивната примена во стоматолошката пракса. Истражувањето спроведено кај 90 стоматолози открива 64,44% општи

познавања, 46,55% знаеле за екстракција од забни фоликули, додека 31,03% дека резервоар може да биде и папочната врвца.

*Трудот има научна и стручна важност.*

42. Evrosimovska Biljana, **Nikolovski Bruno,** Gigovska Arsova Ana, Trpevska Vesna, Jurukovska Sotarovska Vesna (2024) *Use of PRF to Facilitate Wound Healing After Oral Surgical Interventions in Patients With a Risk of Bisphosphonate-Related Osteonecrosis of the Jaws.* In: 28th BaSS Congress, 25-27 April 2024, Avala Resort and Villas, Budva, Montenegro. Abstract Book 54 (Oral presentation). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34077

**Евалуација на трудот:** Остеонекрозата на вилиците претставува сериозна компликација по орално-хируршките интервенции каде што е администрирана антиресоптивна или антиангиогена терапија. Во овој труд авторите предложуваат неколку хируршки протоколи за третман кај пациенти под ризик од остеонекроза асоцирана со бисфосфонатна терапија.

*Трудот има научно-стручна и апликативна важност.*

43. Brezovska Cveta, Trpevska Vesna, Evrosimovska Biljana, **Nikolovski Bruno, Simonovska Jasna** (2024) *Proper Diagnosis and Treatment Plan in TMD Patients.* In: 28th BaSS Congress, 25-27 April 2024, Avala Resort and Villas, Budva, Montenegro. Abstract Book 97-98 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34079

**Евалуација на трудот:** Детална компјутеризирана оклузална анализа со помош на T-scan III системот е употребена за детекција на аномалиите во загризот кои водат до нарушување на нормалната функција на виличниот зглоб. Овие софтверски изуми ја олеснуваат претхируршката подготовка и го таргетираат локусот на аномалијата во мастикаторниот систем.

*Трудот има научно-стручна и апликативна важност.*

**44. Nikolovski Bruno, Trpevska Vesna, Belazelkovska Grezlovska Ana, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, Radojkova-Nikolovska Vera** (2024) *Safe Harvest Rules and Recipient Bed Preparing.* In: 28th BaSS Congres, 25-27 April 2024, Avala Resort and Villas, Budva, Montenegro. Abstract Book 161 (Poster). https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34074

**Евалуација на трудот:** Во оваа студија елаборирани се факторите кои ги лимитираат можностите за брз, минимално инвазивен и предвидлив успех при хируршка корекција на гингивалните дефекти.

*Трудот има научно-стручна и апликативна важност.*

